Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, член 23 став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11 и 43/14) и член 10 став 2 алинеја 4 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“, бр.38/09, 158/10), согласно Мислењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци, бр.08-2334/1 од 31.12.2014 година (наш бр.03-241/1 од 09.01.2015 година) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-507/7 од 23.01.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 2-та седница одржана на 23.01.2015 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РЕАКЦИЈА И САНИРАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## I. Општа одредба

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува начинот на пријавување, реакција и санирање на инциденти кои влијаат или можат да влијаат на тајноста и заштитата на личните податоци кои се обработуваат во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во натамошниот текст: Агенцијата).

## II. Начин на пријавување на инцидент, содржина на пријавата и преземање мерки за негово отстранување

**Член 2**

Секое овластено лице во Агенцијата е должно на администраторот на информацискиот систем на Агенцијата веднаш да му го пријави секој инцидент што ќе настане и што ќе го забележи во процесот на обработување на податоците, вклучително и личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Пријавувањето на инцидентот од став 1 на овој член, овластеното лице го врши во електронска форма, а доколку тоа не е возможно, пријавувањето го врши во писмена форма.

Во функција на побрзо преземање мерки за отстранување на инцидентот, покрај негово пријавување во електронска форма односно по пат на писменото известување, препорачливо е за настанатиот инцидент, овластеното лице да го извести администраторот на информацискиот систем во Агенцијата и по телефонски пат.

**Член 3**

Пријавувањето на инцидентот од член 2 од овој Правилник се врши така што се наведуваат следните податоци за инцидентот:

- време на настанување на инцидентот;
- траење и престанок на инцидентот;
- место во информацискиот систем каде што се појавил инцидентот;
- податок или проценка за обемот, односно опсегот на инцидентот;

- име и презиме на овластеното лице кое го пријавило инцидентот;
- име и презиме на овластените лица до кои е доставена пријавата за инцидентот.

**Член 4**

По приемот на пријавата за настанатиот инцидент, администраторот на информацискиот систем на Агенцијата веднаш односно истиот ден кога е пријавен инцидентот започнува да врши проценка на причините за негово појавување.

За пријавата, како и за тоа колкава е тежината и обемот на настанатиот инцидент, администраторот на системот ги известува претпоставените.

Непосредно по извршената проценка, администраторот на системот пристапува кон решавање на настанатиот инцидент.

За инцидентите од поголем обем и тежина за кои е потребно повикување стручна помош од надворешни лица, активностите за нивно решавање односно отстранување започнуваат да се преземаат во рок не подолг од 3 (три) дена од денот на пријавата на инцидентот.

Кога се работи за инцидент кој се повторува, администраторот на информацискиот систем е должен да преземе мерки кои ќе гарантираат трајно отстранување на ризикот од негово повторување.

Администраторот на системот врши проценка на инцидентот и во врска со тоа дали и кои мерки треба да се преземат за негово санирање и за спречување на неговото повторување во иднина.

## III. Постапка за повторно враќање на личните податоци

**Член 5**

Доколку како последица на инцидент дојде до губење или бришење на дел или сите податоци, вклучително и личните податоци содржани во информацискиот систем на Агенцијата, податоците ќе бидат повторно вратени во информацискиот систем, со користење на последната верзија на сигурносните копии (backup) кои се чуваат на сервери во специјална просторија–систем сала во службените простории на Агенцијата или од сигурносните копии кои се чуваат надвор од нејзините службени простории (во изнајмен сеф во банка), така што истите се физички заштитени, како и обезбедени со соодветни технички и организациски мерки согласно документацијата за технички и организациски мерки на Агенцијата.

Постапката од став 1 на овој член ќе се примени и доколку бришењето или губењето на дел или сите податоци, вклучително и лични податоци содржани во информацискиот систем на Агенцијата, е неопходно заради отстранување на последиците од инцидентот или за преземање на мерки за спречување на негово повторување во иднина.

Повторното враќање на личните податоци во информацискиот систем на Агенцијата се врши од страна на овластените лица врз основа на претходно издадено писмено овластување од страна на директорот на Агенцијата.

**Член 6**

При повторното внесување односно враќање на личните податоци во информацискиот систем на Агенцијата, задолжително и во електронска форма се врши евидентирање на овластените лица кои ги извршиле операциите за повторно враќање на податоците, категориите на лични податоци кои биле вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

**Член 7**

Надлежна организациона единица за постапување по овој Правилник е организационата единица на Агенцијата која ги врши работите од областа на информатичко-комуникациската технологија.

**IV.Завршни одредби**

**Член 8**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Советот за радиодифузија на РМ, бр.01-6102/1 од 29.11.2012 година.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе биде објавен на огласната табла во Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Бр.** 01-582/1

23.01.**2015 година**

**С к о п ј е**